# 156. СЕ РАШЕТА РАДОМИР ВОЈВОДА

Крај: Тиквеш, Тимњаник
Пеел: Ѓорѓи Томов
Роден: Тимњаник, 1946 год.
Мелограф.: Ал. Линин

Лента бр.: 216/1
Снимена: Неготино, Тиквеш
25 ноември 1958 год.
Мелограф.: Скопје, 21.05. 1964.




1. Се рашета Радомир војвода,
   се рашета низ гора зелена.

2. Он на гора тивко ѝ зборува:
   — Ој, горо ле, ти бре мила сестро.

3. Как сум шетал дваjесет години,
   не сум женет, ни сум да се женам.

4. Не сум женет, ни сум да се женам,
   дур не видам Русинка девојка.

5. Ког го чуле Русенките браќа,
   направиле кула од челика;

6. направиле кула од челика,
   затвориле Русенка девојка.

7. Лежала Руса до девет години,
   на десета бога молила:

8. — Ој, ти боже, ти бре мили боже,
   да ми дадиш еленски рогови;

9. да сокршам кула од челика,
   да го земам Радомир војвода.

Линин, Александар. Тиквешки народни песни. Скопје: Мисла 1978.